Врз основа на член 16, 18 и 23 од Законот за здруженија и фондации (Сл. весник на Р. Македонија бр. 52/10 ) Собранието на основачите на Здружение за електрични возила ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА Скопје, на седницата одржана на ден 17.10.2012 година во Скопје, го донесе следниов

# СТАТУТ

на Здружение за електрични возила
ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА Скопје

## *I ОПШТИ ОДРЕДБИ*

*Статут*

**Член 1**

Здружение за електрични возила ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА Скопје е доброволно, непротафитабилно, невладино, непартиско здружение на граѓани кое дејствува на целата територија на Република Македонија во склад со важечките закони и прописи, формирано со слободно здружување на граѓаните, заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и вршење на дејности и активности со цел да се придонесе кон развој на одржливо општество преку активно вклучување на прогресивни луѓе кон електромобилна иднина.

Здружението со посебна одлука на Собранието може да развива различни облици на соработка со други организации од земјата и странство, кои имаат сродни програмски цели и да членува во нив.

*Име на здружението*

**Член 2**

Здружението ќе работи под името, Здружение за електрични возила ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА Скопје.

Скратениот назив на здружението ќе биде: Е-мобилност Македонија.

*Седиште на здружението*

**Член 3**

Здружението е правно лице со права, обрвски и одговорности утврдени со Устав, Закон и со овој Статут.
Седиштето на Е-мобилност Македонија е во Скопје, општина Карпош, бул: Партизански Одреди 74 / 14, а се организира и делува на територија на РМ.

*Печат, штембил и амблем*

**Член 4**

Е-мобилност Македонија има свој печат и штембил и амблем.
Печатот е во тркалезна форма и го содржи името на здружението (Здружение за електрични возила ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА Скопје), а во средината се наоѓа амблемот на Е-мобилност Македонија.
Штембилот на Здружението е правоаголен и на него е испишан следниот текст
“Е-мобилност Македонија
БРОЈ-----------------
-------------------година
Скопје”
Здружението има амблем кој ќе биде резервиран за употреба и бенефиција на членовите на организацијата.
Секој од членовите има право да го носи и прикажува амблемот за време на своето членство, а тоа право се губи со престанокот на членството.

*Цели на здружението*

**Член 5**

- Организација на стручни презентации
- Здружението е одговорно за промовирањето на електричните возила и други алтернативни средства за превоз.
- Подигнување на јавната свест за електромобилната иднина
- Организација на обуки, работилници и курсеви
- Информирање на стручната и пошироката јавност за електромобилноста
- Организација на конференции и семинари
- Советување и консалтинг
- Информирање на стручната јавност за активности за афирмација на е-мобилноста
- Издавање на стручна литературе
- Обучување на волонтери кои ќе дејствуваат во различни сегменти од областа на Е-мобилноста
- Продажба во областа на активностите на Здружението
- Организација на изложби
- Организирање натпревари
- Организазија на конкурси
- Спроведува студии во областа на активностите на Здружението
- Приготвување на памфлети, билтени, веб страни, њуслетери, наменети за информирање на пошироката заедница
- Организација на пракса за студенти
- Организација на стручни и студентски работилници
- Соработка со интернационални институции и еквивалентни здрженија во странство

*Јавност во работата*

**Член 6**

Работата на Здружението е јавна.
Здружението ќе ја информира јавноста редовно за своето работење на прес конференции, со употреба на печатени и електронски медиуми и останати облици за јавно информирање.

## *II ЧЛЕНСТВО*

*Критериуми за зачленување*

**Член 7**

Член на Здружението може да биде секој граѓанин, државјанин на Република Македонија, или државјанин на друга држава, кој ги прифаќа целите и Статутот на Организацијата.

*Обврски на членовите*

**Член 8**

Членовите на Здружението се должни да работат на остварување на целите на Здружението и да се придржуваат кон овој Статут.

*Права на членовите*

**Член 9**

Членовите на Здружението имаат право:

- активно да учествуваат во остварувањето на целите, задачите и програмата на Здружението, како и активностите кои од нив произлегуваат
- да учествуваат во утврдувањето и спроведувањето на активностите на сите нивоа на организирање преку иницирање, подготовка и реализација на проекти во насока на целите, задачите и програмата на Здружението од страна на органите и телата на Здружението
- да бираат и да бидат бирани во органите на Здружението
- редовно да бидат информирани за активностите на Здружението од страна на Извршниот одбор;
- да поставуваат прашање до секој орган на Здружението и да добијат одговор од него
- за својата работа одговараат пред соодветните органи и тела на Здружението ;
- да бараат стручна и друга помош од сферата во која дејствува Здружението ;
- редовно да плаќаат членарина;
- остваруваат и други права, должности и одговорности што произлегуваат од овој Статут;

*Настанување на членство*

**Член 10**

Членството во Здружението настанува со поднесувње на пристапница кон Здружението од лице кое ги исполнува критериумите предвидени во член 7 од овој Статут.
Пристапницата содржи генералии на лицето и изјава на истото дека ги прифаќа Програмата и Статутот.
Анонимноста на податоците е загарантирана на членовите кои тоа го побарале.

*Регистар на членови*

**Член 11**

Здружението води регистар на членовите на Здружението со кој се чуваат пристапниците на членовите и се ажурира најмалку еднаш годишно.

*Престанување на членство*

**Член 12**

Членството во Здружението престанува доколку:

- членот достави писмена изјава со која истапува од Здружението
- членот и по претходно официјално (писмено) предупредување од Извршниот одбор продолжи да ги прекршува одредбите на Статутот на Здружението по преставка на член или орган на Здружението;
- членот неоправдано не присуствувал на повеќе од половината редовни и вонредни состаноци на Собранието на Здружението во текот на календарската година.

За настапувањето на основите за престанок на членство одлучува и констатира Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Здружението.
Одлуката стапува во сила веднаш по нејзиното донесување.

*Исклучување од членство*

**Член 13**

Членот може да биде исклучен од Здружението доколку дејствува спротивно целите и Статутот на Здружението.

## *III ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО*

*Органи на Здружението*

**Член 14**

Органи на Здружението се:

1. **Собрание на Здружнито**
2. **Извршен одбор на Здружението**
3. **Претседател**
4. **Потпретседател**
5. **Секретар**

**1.Собрание на Здружението**

*Состав и одлучување*

**Член 15**

Собранието на Здружението (во натамошниот текст Собрание) е највисок орган на Организацијата кој го сочинуваат сите членови.
Собранието полноправно одлучува ако се присутни најмалку половината од сите членови.
Секој член има право на еден глас.
Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните.
Гласањето е јавно.

*Свикување на седница на Собранието*

**Член 16**

Седницата на Собранието се свикува по потреба, а најмалку еднаш годишно.
Седница на собранието се свикува 14 дена пред одржувањето, со упатување јавна или лична покана до сите членови на Здружението , која содржи образложен предлог на дневен ред на седницата.
Седница на собранието свикува претседателот на собранието.

Предлог за свикување на седница може да даде:

- извршниот одбор
- најмалку 1/5 од вкупниот број членови на Собранието

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува извршниот орган или иницијаторите.

*Раководење со седниците на Собранието*

**Член 17**

Со седниците на Собранието раководи претседателот на Собранието.
Претседателот на Здружението е и претседател на Собранието.
Доколку Претседателот на собранието не е присутен на седницата со неа раководи Потпретседателот на Организацијата, а во случај на негово отсуство или спреченост - Секретарот на Организацијата.
Собранието се свикува со писмена покана до сите членови, или со објавување на огласна табла, во која се содржи дневниот ред за работата

на седницата, а доколку е потребно, во прилог на поканата се доставуваат и сите предложени документи, сумирани во предлог верзии.

Начин на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со деловникот на работа на Собранието.

Од седницата на Собранието се води Записник, што се усвојува на првата следна седница на Собранието.
Записникот го води Секретарот.
Записникот го потпишуваат Претседателот и Секретарот.

*Избор и разрешување на претседателот на Собранието*

**Член 18**

Претседателот на Собранието се избира со мандат од 4 години.
Предлог за разрешување на Претседателот на Собранието може да иницираат најмалку 1/5 од вкупниот број на членови.

*Надлежност на Собранието*

**Член 19**

Собранието на Здружението:

- донесува статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај, насоки и план за работа;
- усвојува завршна сметка и финансиски план;
- одлучува за промена на целта на здружувањето;
- одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението;
- одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- избира органи на здружението;
- одлучува за престанок на здужението со двотретинско мнозинство; од вкупниот број членови;
- донесува деловник за својата работа;
- решава по жалби, молби и барања упатени до Собранието

Собранието е надлежно и за сите други прашања кои со овој Статут или одлука не се доверени на други органи.

**2.Извршен одбор на здружението**

*Состав и одлучување*

**Член 20**

Извршниот одбор на Здружението ( во натамошниот текст: Извршниот одбор) се состои од пет члена: Претседател, Потпретседател, Секретар на Организацијата и други двајца членови.
Одлуките се донесуваат со мнозинство од вкупниот број членови на Извршниот одбор.

*Избор и разрешување на членови на Извршниот одбор*

**Член 21**

Членовите на Извршниот одбор ги бира Собранието со мандат од две години и можност за реизбор, но не повеќе од два мандати едноподруго.
Кандидат за член на Извршниот одбор можат да предложат најмалку 1/10 од вкупниот број членови на Собранието, при што наведуваат за која од петте функции го предлагаат кандидатот.
Извршниот одбор за својата работа одговара пред Собранието.
Постапка за разрешување на член на Извршниот одбор може да иницираат најмалку 1/5 од вкупниот број членови на Собранието, при што поднесуваат образложение за иницијативата.

*Свикување на седница на Собранието*

**Член 22**

Седница на Извршниот одбор се свикува по потреба, но најмалку четири пати годишно.
Седница на Извршниот одбор свикува Претседателот на Организацијата со упатување лична покана до сите членови на Извршниот одбор, која содржи предлог на дневениот ред на седницата.
Предлог за свикување на седница на Извршниот одбор може да поднесе било кој член на Извршниот одбор или најмалку 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.

*Надлежености на Извршниот одбор*

**Член 23**

Извршниот одбор:

- ги спроведува статутните и програмските задачи на Здружението;
- подготвува Нацрт - Статут и предлага измени и дополнувања на Статутот;
- ги подготвува седниците на Собранието и одлуките што ги донесува Собранието;
- предлага годишен финансиски план и го поднесува на усвојување до Собранието;
- предлага свикување на Седница на Собранието;
- ги спроведува одлуките и заклучоците на Собранието;
- формира, именува и разрешува стручни тела и служби на Здружението и донесува одлуки и правилници за нивната работа;
- управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;

- подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа;
- донесува деловник за својата работа;
- врши и други работи определени со овој Статут

*Надлежност на Претседателот на Здружението*

**Член 24**

Претседателот го избира Собранието на Здружението на 4 години .
Изборот на Претседател се врши согласно постапка утврдена со овој Статут.
Кандидат за Претседател можат да предложат најмалку пет членови на Собранието најдоцна 14 дена пред денот на изборите.
Мандатот на Претседателот е 4 години со право на реизбор.

*Функции на Претседателот*

Претседателот на Здружението ги има следните функции:

- го претставува и застапува Здружението
- располага со средствата на Здружението согласно можностите и потребите на Организацијата
- потписник е на сметката на Здружението и ги одобрува сите финансиски трансакции
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието
- свикува и води седници на Извршниот одбор
- потписник е на одлуките на Извршниот одбор
- одобрува проекти и назначува координатори на проектите
- ги потпишува актите за соработка со други организации од земјата или странство
- врши и други работи утврдени со овој Статут и со одлука на Извршниот одбор
- Претседателот склучува договори, спогодби во име и за сметка на Здружението
- Претседателот на здружението е независен во извршувањето на работите и е одговорен пред Собранието
- За купување и продажба на движен и недвижни работи одлучува Собранието
- Авторизација за управување со готовина во писмена форма дава претседателот на здружението. Средствата се управувани од страна на претседателот на здружението

Функцијата на Претседателот може да му престане:

- по негово барање;

- доколку поради неактивност, несоовесно вршење на доверените права, должности и одговорности или насочена активност спротивна на целите и задачите на Здружението биде разрешен од Собранието пред истекот на мандатот, ако за тоа се изјаснат најмалку половина од присутните членови на Собранието.

Предлог за разрешување на Претседателот се поднесува до собранието на Здружението.

*Надлежност на Потпретседателот на Здружението*

**Член 25**

Собранието избира Потпретседатели.
Предлозите за Потпретседател се доставува до собранието најмалку 14 дена пред денот на изборите.
Избран е оној кој добил мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.
Мандатот на Потпретседателот е две години со право на повторен избор.

*Функции на Потпретседателот*

Потпретседателот на Здружението ги има следните функции:

- да го заменува претседателот
- потписник е на сметката на Здружението во отсуство на Претседателот на Здружението
- да го промовира Здружението и неговите активности
- да учествува ва работата на Извршниот одбор
- врши и други надлежности утврдени со овој Статут и со одлука на Извршниот одбор

Функцијата на Потпретседателот може да му престане

- по негово барање;
- доколку поради неактивност, несоовесно вршење на доверените права, должности и одговорности или насочена активност спротивна на целите и задачите на Организацијата биде разрешен од Собранието пред истекот на мандатот, ако за тоа се изјаснат најмалку половина од присутните членови на Собранието.

  Предлог за разрешување на Потпретседателот се поднесува до собранието на Здружението.

*Надлежност на Секретарот на Здружението*

**Член 26**

Собранието од сопствените редови избира Секретар.

Изборот на генералниот Секретар е идентичен со изборот на Потпретседателот.
Функцијата на Секретар може да престане под идентични услови како и на Потпретседателот.
Мандатот на Секретарот трае две години со право на повторен избор.

*Фунции на Секретарот*

Секретарот на Здружението ги има следните функции:

- се грижи за архивата на Здружението
- потписник е на сметката на Здружението во отсуство на Претседателот и на Потпретседателот на Здружението
- води регистар на членови на Здружението
- да помага во работата на Претседателот
- да учествува во работата на Извршниот одбор
- соработува со книговодителот на Здружението
- врши и други надлежности утврдени со овој Статут и со одлука на
- Извршниот одбор

*Такси и членарина*

**Член 27**

Секој новопримен член е обврзан да плати пристапна такса во износ од 500 денари, а за членови кои не се државјани на Р. Македонија 20 (дваесет) ЕВРА, во денарска противредност според средниот курс на НБРМ на денот на уплатата.
Секој член е должен да плаќа годишна членарина утврдена со одлука на Извршниот одбор на Организацијата
Во случај кога некој член нема да плати членарина подолго од 60 дена од предвидениот рок му престанува членството во Организацијата.

*Претставување и застапување на здружението*

**Член 28**

Здружението е претставувано и застапувано од Претседателот.
Во случај на негова спреченост или отсуство, Здружението е претставувано од Потпретседателот.

**Член 29**

Претседателот го претставува и застапува Здружението пред:

- субјектите кои се непосредно заинтересирани за успешно остварување на целите и задачите на Здружението ;

- субјектите кои соработуваат со Здружението и нивните официјални делегации и органи;

При претставување и застапување на Здружението Претседателот нема право да отстапи од целите и задачите на Здружението, програмските ориентации и насоки утврдени од Собранието на Организацијата и овој Статут.

## *IV СРЕДСТВА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА*

*Остварување на средства*

**Член 30**

Здружението средствата за работа ги остварува преку:

- средства од Буџетот на Р. Македонија
- средства од Буџетот на Град Скопје
- членарина
- домашни и странски донации
- други извори согласно законот

Средствата се користат рационално и во согласност со Законите на Република Македонија и Статутот на Здружението

*Користење и располагање на средствата*

**Член 31**

Користење и располагање со средствата на Здружениет стекнати по основ на претходниот член се врши на следниот начин:

- Претседателот ги одобрува сите потребни финансиски трансакции со печат и потпис.

*Финансиски план и завршна сметка*

**Член 32**

Здружението своето работење донесува финансиски план и завршна сметка.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 30, како и расходите за активностите на Здружението, материјални трошоци за работата на Здружението и други трошоци сврзани со работата на Здружението.

Здружението за вршењето на финансиското работење може да ангажира стручно лице или претпријатие.

## *V ПРЕСТАНОК НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА*

*Услови за престанок*

**Член 33**

Здружението престанува:

- Ако Собранието донесе таква одлука со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови
- Кога бројот на членови ќе се намали под бројот потребен за основање
- Кога ќе се утврди дека Здружението престанало со работа
- Ако Уставниот суд на Република Македонија донесе одлука дека програмата и статутот не се во согласност со Уставот
- Во други случаи утврдени со законот
- Ако работи спротивно на одредбите од од Законот за здруженија и фондации
- Ако работата на Здружението не е во согласност со Статутот

*Распределба на имотот*

**Член 34**

Во случај на престанок на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по подмирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на основачите , сродни организации и други хуманитарни организации.

## *VI ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

*Толкување на Статутот*

**Член 35**

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието.

*Иницијатива за изменување и дополнување*

**Член 36**

Статутот го донесува Собранието на Здружението врз основа на претходна расправа и гласање ва Собранието.
Измени и дополнувања на Статутот се вршат по постапка по која е и донесен.
Иницијатива за изменување и дополнување може да поднесе секој член.
Мислење по иницијативата дава Извршниот одбор.

*Стапување во сила*

**Член 37**

Овој Статут стапува во сила на денот на неговото донесување.

*Регистрација и почнување со работа*

**Член 38**

По усвојување на Статутот и прибавување на сите потребни документи утврдени со Закон ќе се изврши регистрација во Централен регистар.
Со денот на уписот на регистарот Здружението почнува со својата работа.

Здружение за електрични возила
ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА Скопје
Претседател
Кирил Минанов